Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08,167/10 и 51/11) и член 22 став 1 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18), министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по наставниот предмет ***македонски јазик и литература*** за **IV (четврта) година** образование од средното стручно образование со четиригодишно траење.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Наставна програма

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА

*модуларно дизајнирана*

## за IV година

*Сите образовни профили / квалификации*

*Сите струки / сектори*

Скопје, 2019 година

| | |
|---|---|
| **Назив на наставната програма** | Македонски јазик и литература |
| **Тип на наставна програма** | Задолжителна |
| **Кредитна вредност на наставната програма** | 7 (седум) ЕЦВЕТ[1] кредити (5 кредити+2 дополнителни кредити)<br><br>Бројот пет ги означува кредитите кои се стекнуваат со посетата на часовите по овој предмет во рамките на Заедничкиот општообразовен модул, ангажираноста на часовите и учеството во процесот на поучување и учење. Дополнителните два кредита се однесуваат на учењето и активностите кои учениците ги реализираат надвор од наставните часови, а во функција на стекнување знаења по овој предмет.<br>Два кредита опфаќаат 50 часа активности на ученикот - 10 часа вежби и подготовка за писмени работи, 20 часа читање дела и лектири за обработка, 20 часа самостојно учење - подготовка на усни и писмени презентации, домашни работи, подготовка на есеи. |
| **Струка** | Сите струки |
| **Сектор** | Сите сектори |
| **Образовен профил** | Сите образовни профили |
| **Назив и ниво на квалификација** | Сите квалификации<br><br>**IV (четврто) ниво** |
| **Година на изучување** | IV (четврта) |
| **Број на часови неделно/годишно за реализација на наставната програма** | 3/99 |

[1] Закон за Националната рамка на квалификации.

| | |
|---|---|
| Цели на наставна програма | Ученикот/ученичката:<br>- да ги проширува и да ги продлабочува знаењата за македонскиот стандарден јазик, со додавање нови вредности од областа на лексикологијата, лексикографијата, фразеологијата, дијалектологијата и јазичната стилистика;<br>- да го збогатува својот јазичен израз – писмен и устен, со помош на наставните содржини за лексичкиот фонд, за фразеолошкото богатство, како и за дијалектните и стилските разновидности на македонскиот јазик;<br>- да го вреднува богатсвото на мајчиниот јазик и според значенските и комуникациски разновидности и способности на неговиот лексички и фразеолошки фонд, како и според неговата дијалектна слоевитост и стилска разнообразност;<br>- да ги надградува знаењата и способностите за употреба на зборoформите во живиот јазик со свеста за нивното нераскинливо единство од граматичко и лексичко значење;<br>- да создава и да ги развива своите навики за користење речници – лингвистички и енциклопедиски;<br>- да создава нови и да ги развива постојните јазичнокомуникациски компетенции;<br>- да ги применува вештините за самостојна анализа и интерпретација на литературни дела од различни автори, епохи и правци;<br>- да се оспособи критички и аргументирано да ги вреднува литературните дела, проблемските ситуации, општествените и уметничко-културните појави и настани преку сопствени ставови и мислења. |
| **Модуларни единици на наставна програма** | • ЈАЗИК<br>• ЛИТЕРАТУРА<br><br>*Забелешка: Модулите Јазик и Литература односно содржините во двата модула потребно е да се комбинираат меѓусебно. Со тоа ќе се постигне целина во однос на општите цели на предметот како и постигање на предвидените резултати преку дадените критериуми. Секој час и понатаму ќе има свој резултат за постигање и во рамките на истиот ќе се комбинираат веќе изучени содржини и од едниот или другиот модул со новите содржини. Едновремено потсетуваме дека добриот распоред и организација на дадените содржини како и соодветниот избор активности ќе влијае на реализацијата на часовите односно ќе влијае на успехот на поучувањето и учењето.* |

| | |
|---|---|
| **Материјално-технички  и просторни услови** | За постигнување на целите по предметот македонски јазик и литература потребно е да се обезбедат наставни средства, во кабинет или училница, бибиотечен книжен фонд, пристап до интернет, компјутерска опрема, ЛЦД проектор. За успешна и целосна реализација на наставната програма потребно е да се организираат и активности кои го менуваат местото на реализацијата на часот/часовите (институции на културата и научни институции) каде учениците ќе посетуваат настани, манифестации и фестивали: книжевни, театарски и филмски. |
| **Норматив на наставен кадар** | Наставната програма ја реализираат лица со завршени студиски групи:<br>- Македонска книжевност и јужнословенски книжевности, наставна насока VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС; (поранешна група Историја на книжевностите на СФРЈ)<br>- Македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик како втор главен предмет, наставна насока VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Македонски јазик и јужнословенски јазици со македонска книжевност и јужнословенски книжевности како втор главен предмет, наставна насока VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Македонски јазик и книжевност, наставна насока VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Општа и компаративна книжевност, наставна насока VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС. |

| | Модуларна единица: ЈАЗИК | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. број | Резултати од учење | Содржини и поими | Активности и методи | Критериуми на оценување* |
| 1 | **Лексикографија** | | | |
| 1.1. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>- да ги наброи лингвистичките речници на македонски јазик што ги користи секојдневно;<br>- да ги опише речниците што ги користи, според начинот на кој се регистрирани и обработени зборовните единици. | **Лексикографија**<br>**Речник (лексикон, вокабулар)**<br>**Речничка зборовна единица (заглавен збор)**<br>**Основни типови речници**<br>**Лингвистички речници**<br>**Енциклопедиски речници**<br><br>**Поими:**<br>Речник, енциклопедиски речници, лингвистички речници, современи и историски, полни и неполни, општи и специјални, еднојазични и повеќејазични, толковни речници, дијалектни речници, етимолошки речници, фразеолошки речници, речници на туѓите зборови и изрази, речници на синоними, обратни речници, правописни (ортографски), правоговорни (ортоепски) речници, | **Активности:**<br>Преку техниката ЗСН учениците се здобиваат со информации за лексикографија/речник/видови речници.<br>Низ различни форми на нагледност (презентација, визуелни материјали) учениците се запознаваат со различните видови речници.<br>На часовите предвидени за содржините од лексикографија, а и на другите часови по македонски јазик, учениците редовно користат толковен и правописен речник, како и речник на странски зборови и изрази, при што ја совладуваат техниката на користење речници и ги согледуваат потребата за и korиста и резултатите од | **Ученикот/ученичката може да:**<br>1.1.1. ги дефинира поимите *лексикографија, речник (лексикон, вокабулар)* и *речничка зборовна едниница (заглавен збор);*<br>1.1.2. ги препознава различните видови речници и да ги класифицира според критериумот *енциклопедиски/лингвистички*;<br>1.1.3. ја образложи разликата помеѓу двојазичен речник и речник на странски зборови;<br>1.1.4. формулира исказ за речничка зборовна единица за различни видови речници;<br>1.1.5. составува куси речници, лингвистички или енциклопедиски, за потребите |

* Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | ономастички речници.<br>*Правописен речник на македонскиот литературен јазик*; *Речник на македонскиот јазик* (во три тома); *Толковен речник на македонскиот јазик* (во шест тома); *Фразеолошки речник на македонскиот јазик; Речник на македонската народна поезија* и др. | консултирањето на оваа стручна прирачна литература.<br>Вежби за согледување на начините на кои се регистрирани и обработени зборовните единици во различни видови речници.<br>Вежби за составување речнички зборовни единици според критериумите на различни видови лингвистички и енциклопедиски речници.<br>Индивидуално, во двојки или групно учениците изработуваат куси речници од различен вид и во различен временски период, со постојана контрола на динамиката и на квалитетот на работата од страна на наставникот.<br><br>**Методи**: визуелен метод, интерактивен метод/метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; метод на проверка, метод на индуктивност, метод на дедуктивност. | на наставата по македонски јазик и по други наставни предмети; |

| 2. | **Фразеологија** | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br><br>- да идентификува зборовни состави во слободна врска и зборовни состави во неслободна (постојана) врска, да ја образложи разликата меѓу нив и да ја согледува разликата или сличноста на овие зборовни состави со фразелогизмите;<br>- да ги препознава фразеологизмите во секојдневното општење и во различни видови текстови, како и да посочува примери за фразелошки изрази. | **Фразеологија**<br>**Фразеолошки изрази (фразеологизми, фраземи)**<br>**Класификација на фразеологизмите**<br>**Граматичка структура на фразеологизмите**<br><br>**Поими:** фразеологија, фразеолошки изрази (фразеологизми, фраземи), зборовни состави во слободна врска, зборовни состави во неслободна врска, фразеолошки срастувања, фразеолошки единства, фразеолошки спојки, граматичка структура на фразеологизмите | **Активности:**<br>Вежби за воочување на врските со кои зборовите влегуваат во зборовни состави – слободни или постојани; вежби за конструирање зборовни состави со слободни или постојани врски.<br>Вежби за препознавање фразеологизми во различни видови текстови;вежби за толкување на значењето на фразеологизмот; класификација на фразеологизмот во соодветните група фразеологизми распоредени во табела.<br>Вежби за трансформација на фразеолошки израз во неутрален јазичен исказ и обратно.<br>Вежби за дополнување празни места во зададени примери за фразеологизми со структура на реченица и со структура на синтагма.<br>Вежби за определување на функционалниот стил за кој е својствена употребата на некој фразеологизам и за проверка на | **Ученикот/ученичката може да:**<br>2.1.1 ги дефинира поимите *фразеологија, фразеолошки изрази (фразеологизми, фраземи)*;<br>2.1.2 ги опишува особеностите на оваа јазична единица;<br>и правилно да ги класифицира фразеологизмите според различни критериуми;<br>2.1.3. го идентификува и да го посочи видот на фразеологизмот според степенот на слеаноста;<br>2.1.4. прави разлика и да ја објасни разликата помеѓу фраземата како фразеолошка јазична единица и именската група како синтаксичка јазична единица;<br>2.1.5. го определи видот на фразеологизмот според граматичкиот состав и граматички да ја анализира неговата реченична или зборовна структура. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | изразноста на истиот фразеологизам во други функционални стилови..<br>Вежби за препознавање и за толкување на основата за изразноста (експресивноста) на зададени фразеологизми (контраст, споредба, императив итн.)<br>Методи: визуелен метод, интерактивен метод/метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; метод на проверка; метод на анализа и синтеза, метод на индуктивност, метод на дедуктивност. | |
| 3. | **Дијалектологија** | | | |
| 3.1. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>- да ги споредува стандардниот и дијалектниот јазик и да ја образложи заемната органска поврзаност на овие два јазични феномена;<br>- да ја процени и да ја објасни важноста на | Дијалектологија<br>**Предмет на проучување дијалектологијата**<br>**Значењето на дијалектологијата во проучувањето на македонскиот јазик**<br>**Дијалектна диференцијација на македонскиот јазик**<br>**Фактори за дијалектно диференцирање на македонскиот јазик** | **Активности:**<br>ЗСН за *дијалектологија, наречје, дијалект, говор, дијасистем* и *идиолект.*<br>Индивидуални, во двојки, групни и во паралелка наставни активности со дијалектната карта на Македонија.<br>Звучна нагледност за запознавање со дијалектни | **Ученикот/ученичката може да:**<br>3.1.1 ги дефинира поимите *дијалектологија, наречје, дијалект, говор, дијасистем* и *идиолект*<br>3.1.2 ја препознава и да ја објасни хомонимната разлика на зборот *говор*, како термин од дијалектологијата,како |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | дијалектологијата за проучувањата на македонскиот јазик и да ја согледа и да ја толкува важноста на дијалектите за формирањето и за постојаното збогатување и за развојот на стандардниот јазик. | **Структурни карактеристики значајни за дијалектната диференцијација на македонскиот јазик**<br>**Основни дијалектни групи**<br><br>**Поими:** дијалектологија, наречје, дијалект, говор, идиолект, граници на македонските дијалекти, западно наречје, југоисточно наречје и северно наречје, дијалектна карта. | јазични содржини од родениот говор на учениците и од говорите на сите македонски наречја.<br>Вежби за идентификување на и за дискусија во врска со фонетско-фонолошките, морфолошките и синтаксичките особености кои настанале како резултат на развојот на македонскиот јазик, но и на влијанија од други јазици, а кои придонесле за дијалектното раслојување на македонскиот јазик.<br>Основни вежби за рангирање и лоцирање различни дијалектни особености во рамките на говор, дијалект и наречје.<br>Вежби за поврзување на оваа наставна содржина со содржини од лексикологија, поточно со содржините за дијалектизмите.<br>Разговор во паралелката за литературни дела пишувани на дијалект, а кои ги прочитале како задолжителна или како слободна лектира.<br>Дискусија во паралелката за употребата на родениот говор и на стандардниот јазик во | комуникациски акт и како начин на зборување;<br>3.1.3ги идентификува границите на македонските дијалекти на дијалектна карта и да ги набројува факторите што влијаат на дијалектното раслојување на македонскиот јазик;<br>3.1.4. ги идентификува, да ги разликува, да ги сопоставува, да ги споредува и да ги прикажува хиерархиски (усно, писмено или графички) општествените феномени од јазик до идиолект;<br>3.1.5. ги разликува и да ги именува основните дијалектни групи и да му го определи местото на својот роден говор во соодветното наречје. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | секојдневното живеење,за употребата на дијалектниот јазик на службени и официјални места, како и за застапеноста на дијалектите во медиумите.<br><br>**Методи:** метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; метод на споредување; метод на анализа и синтеза, метод на индуктивност, метод на дедуктивност, географски метод. | |
| 3.2 | - да ги идентификува и да ги набројува заедничките и разликувачките особености на говорите на западномакедонското наречје. | **Западномакедонско наречје**<br>**Границите на западномакедонското наречје**<br>**Заеднички карактеристики на говорите во западномакедонското наречје**<br>**Разликувачки особености во западномакедонското наречје**<br>**Поделба на западномакедонските говори:**<br>- **Централни западномакедонски говори**<br>- **Периферни западномакедонски говори** | **Активности:**<br>На часовите се применува звучна нагледност, во функција на методот на демонстративност, за учениците да слушнат читан текст, монолог или дијалог на некој/некои од говорите од западномакедонското наречје. Се поведува дискусија за јазичните особеностите на слушнатиот текст/слушнатите текстови, се прави споредба помеѓу јазикот од два, три или повеќе текстови, како и споредба на јазикот од текстовите со родениот говор на | 3.2.1. ги покаже на дијалектната карта на Македонија границите на западномакедонското наречје;<br>3.2.2. посочува примери од живиот јазик за фонетско-фонолошките, морфолошките, лексичките, зборообразувачките и синтаксичките особености на еден говор од западномакедонското наречје доколку е тоа негов роден говор или да посочува јазични особености од својот говор и да |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Поими:** западномакедонско наречје, централни западномакедонски говори (скопско-велешки, прилепско-битолски, кичевско-поречки), периферни западномакедонски говори (горнополошки, дебарски, малорекански, рекански, дримколско-голобрдски, струшки, вевечанско-радошки, охридски, преспански). | учениците.<br>Вежби за дополнување текст со збороформи од конкретен говор на западномакедонското наречје; за поврзување и средување неправилно поставени делови од текст од западномакедонското наречје; за препознавање и поправање грешки во дијалектен текст од западномакедоснкото наречје и сл.<br>Вежби за ориентирање со и за работа на дијалектната карта на Македонија, како и на картата на западномакедонското наречје или на дел од ова наречје.<br>Писмена вежба за препишување текст од стандарден јазик на некој од говорите на западномакедонското наречје.<br>Усни вежби – разговор на часот на дијалектен јазик од западномакедонското наречје, диктат, читање текстови од различни жанрови и од различни функционални стилови и рецитирање на некој западномакедонски говор и сл.<br>**Методи:**интерактивен | ги споредува со јазичните особености на западномакедонското наречје;<br>3.2.3. ги препознава јазичните особености на западномакедонското наречје и да чита дијалектни текстови и да изговара реплики и куси текстови на некој говор од западномакедонското наречје (доколку неговиот роден говор не му припаѓа на ова наречје);<br>3.2.4. посочува културни дејци и јавни личности чиј роден говор му припаѓа на западномакедонското наречје. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | метод/метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; метод на споредување; метод на анализа и синтеза, метод на проверка, метод на дедуктивност, географски метод, метод на дескриптивност. | |
| 3.3 | - да ги идентификува и да ги набројува заедничките дијалектни карактеристики на југоисточното наречје. | **Југоисточно македонско наречје**<br>**Границите на југоисточното македонско наречје**<br>**Заеднички дијалектни карактеристики на говорите во југоисточното македонско наречје**<br>**Разликувачки особености на говорите од југоисточното и од западномакедонското наречје**<br>**Поделба на говорите од во југоисточното македонско наречје:**<br>- **Источномакедонски говори**<br>- **Јужномакедонски говори**<br><br>**Поими:** југоисточно македонско наречје, источномакедонски говори (штипско-струмички, тиквешко-мариовски, малешевско-пирински), јужномакедонски говори (солунско-воденски (долновардарски), серско- | **Активности:**<br>На часовите се применува звучна нагледност, во функција на методот на демонстративност, за учениците да слушнат читан текст, монолог или дијалог на некој/некои од говорите од југоисточното македонско наречје. Се поведува дискусија за јазичните особеностите на слушнатиот текст/слушнатите текстови, се прави споредба помеѓу јазикот од два, три или повеќе текстови, како и споредба на јазикот од текстовите со родениот говор на учениците.<br>Вежби за дополнување текст со зборoформи од конкретен говор на југоисточното наречје; за поврзување и средување | 3.3.1. ги покаже на дијалектната карта на Македонија границите на југоисточното македонско наречје;<br>3.3.2. ги препознава и да ги посочува разликувачките особености со кои говорите од југоисточното наречје се одделуваат од западномакедонското наречје;<br>и да посочува примери од живиот јазик за фонетско-фонолошките, морфолошките, лексичките, зборообразувачките и синтаксичките особености на еден говор од југоисточното македонско наречје доколку е тоа негов роден говор;<br>**3.3.3.** ги препознава јазичните |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | лагадински, костурско-корчански, нестрамско-костенариски) | неправилно поставени делови од текст од југоисточното македонскотнаречје; за препознавање и поправање грешки во дијалектен текст од југоисточното македонско наречје и сл.<br>Вежби за ориентирање со и за работа на дијалектната карта на Македонија, како и на картата на југоисточното македонско наречје или на дел од ова наречје.<br>Писмена вежба за препишување текст од стандарден јазик на некој од говорите на југоисточното македонско наречје.<br>Усни вежби – разговор на часот на дијалектен јазик од југоисточното наречје, диктат, читање текстови од различни жанрови и од различни функционални стилови и рецитирање на некој говор од југоисточното македонско наречје и сл.<br><br>**Методи:** метод на дедуктивност, метод на индуктивност интерактивен метод/метод на комуникација (монолошки, | особености на југоисточното македонско наречје (доколку неговиот роден говор не му припаѓа на ова наречје) во лична комуникација со припадници на ова јазично подрачје, како и во текстови за читање и за слушање и да чита дијалектни текстови, да изговара реплики и куси текстови на некој говор од југоисточното македонско наречје (доколку неговиот роден говор не му припаѓа на ова наречје);<br>**3.3.4.** посочува културни дејци и јавни личности чиј роден говор му припаѓа на југоисточното македонско наречје. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; метод на споредување; метод на анализа и синтеза, метод на проверка, метод на дедуктивност, географски метод, метод на дескриптивност. | |
| 3.4 | - да ги идентификува и да ги набројува заедничките дијалектни карактеристики на северното наречје. | **Северно македонско наречје**<br>**Границите на северното македонско наречје**<br>**Заеднички дијалектни карактеристики на говорите во северното македонско наречје**<br>**Разликувачки особености на говорите од северното и од другите македонски наречја**<br>**Поделба на говорите од во северното македонско наречје:**<br>- **Источни говори**<br>- **Западни говори**<br><br>**Поими:** северно македонско наречје, источни говори (кумановски, кратовски, кривопаланечки), западни говори (скопскоцрногорски, вратнички полошки) | **Активности:**<br>На часовите се применува звучна нагледност, во функција на методот на демонстративност, за учениците да слушнат читан текст, монолог или дијалог на некој/некои од говорите од северното македонско наречје. Се поведува дискусија за јазичните особеностите на слушнатиот текст/слушнатите текстови, се прави споредба помеѓу јазикот од два, три или повеќе текстови, како и споредба на јазикот од текстовите со родениот говор на учениците.<br>Вежби за дополнување текст со зборoформи од конкретен говор на северното наречје; за поврзување и средување неправилно поставени делови од | 3.4.1. ги покаже на дијалектната карта на Македонија границите на северното македонско наречје;<br>3.4.2. ги препознава и да ги посочува разликувачките особености со кои говорите од северното наречје се одделуваат од другите македонски наречја и да посочува примери од живиот јазик за фонетско-фонолошките, морфолошките, лексичките, зборообразувачките и синтаксичките особености на еден говор од северното македонско наречје доколку е тоа негов роден говор;<br>3.4.3. ги препознава јазичните особености на северното |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | текст од северното македонско наречје; за препознавање и поправање грешки во дијалектен текст од северното македонско наречје и сл.<br>Вежби за ориентирање со и за работа на дијалектната карта на Македонија, како и на картата на северното македонско наречје или на дел од ова наречје.<br>Писмена вежба за препишување текст од стандарден јазик на некој од говорите на северното македонско наречје.<br>Усни вежби – разговор на часот на дијалектен јазик од северното наречје, диктат, читање текстови од различни жанрови и од различни функционални стилови и рецитирање на некој северномакедонски говор и сл.<br>**Методи:** метод на дедуктивност, метод на индуктивност интерактивен метод/метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; метод на споредување; метод на анализа и | македонско наречје (доколку неговиот роден говор не му припаѓа на ова наречје) во лична комуникација со припадници на ова јазично подрачје, како и во текстови за читање и за слушање;<br>3.4.4. чита дијалектни текстови и да изговара реплики и куси текстови на некој говор од северното македонско наречје (доколку неговиот роден говор не му припаѓа на ова наречје);<br>3.4.5. посочува културни дејци и јавни личности чиј роден говор му припаѓа на северното македонско наречје |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | синтеза, метод на проверка, метод на дедуктивност, географски метод, метод на дескриптивност. | |
| 4. | **Стилистика** | | | |
| 4.1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br><br>- да набројува и да наведува примери за стилски фигури, за фигури на значењето (тропи) и за фигури на формата;<br>- да ги препознава и да ја толкува експресивната употреба на јазичните средства од различните нивоа на јазикот; | **Стилистика**<br>**Кус преглед на развојот на стилистиката како наука**<br>**Стилистиката во врска со реториката и поетика**<br>**Дефинициите на Аристотел за гласот, слогот, врската, членот, името, глаголот, формата и говорот**<br>**Стилски фигури**<br>**Фигури на значењето (тропи)**<br>**Фигури на формата**<br>**Јазични изразни средства**<br>**Надворешнојазични изразни средства**<br>**Поими:** стилистика, стил, стилска фигура, фигура на значењето (тропа), фигура на формата, јазични изразни средства, лексички изразни средства, зборообразувачки изразни средства, фразеолошки изразни средства, фонетско-фонолошки изразни средства, морфолошки изразни средства, синтаксички изразни средства, надворешнојазични изразни | **Активности:**<br>Во паралелката се разговара за поимот *стил* од различни аспекти, при што учениците треба да посочат примери за јазични контексти во кој се употребува овој поим; целта е учениците да дојдат до значењето на стилот како начин на употреба на јазикот.<br>Наставникот усно и со помош на нагледност ги претставува: историјатот на стилистиката, значењето на Шарл Бали за востановувањето на стилистиката како научна дисциплина, за врската на стилистиката со реториката и со поетиката (со објаснување на поимите *реторика* и *поетика*), како и неколкуте дефиниции на Аристотел важни за овој наставен контекст.<br>Учениците се поттикнуваат да размислуваат и да дискутираат за значењето на дефинициите, при | **Ученикот/ученичката може да:**<br>4.1.1. даде кус преглед на историјатот на јазичната стилистика да ги дефинира поимите *стил, стилистика, стилска фигура, фигура на значењето (тропа) и фигура на формата*;<br>4.1.2. ја сопоставува и да ја споредува стилистиката со реториката и со поетиката;<br>и да ја проценува важноста на учењето на Аристотел за јазичната стилистика и да ги посочува неговите дефиниции за: глас, слог, врска, член, име, глагол, форма и говор;<br>4.1.3. ги препознава и да ја толкува експресивната употреба на јазичните средства;<br>4.1.4. ја демонстрира стилската функција на јазичните единици и на другите јазични, но и на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | средства – визуелни и аудитивни | што ќе ги споредуваат со дефинициите што им се веќе познати.<br>Работа со енциклопедиски речник, во кој учениците ќе бараат податоци за Шарл Бали и за Аристотел; работа со речник на странски зборови и изрази, во кој учениците ќе бараат толкување на поимите *реторика* и *поетика*; учениците ја толку ваат паронимската разлика на поимите *поетика* и *поезија*.<br>Се презеннтираат неколку различни текстови (стилски) со иста содржина и се бара од учениците да ги воочат разликите и да објаснат на кој начин е модификуван текстот и каква изразност се постигнува кај секој текст поединечно.<br>Се прави корелација со содржините од литература за стилските фигури, при што објаснувањето се заснова на изразноста на јазичните елементи, т.е. се толкува важноста на изборот на јазичните средства за експресивноста на стилските | надворешнојазичните изразни средства во примери што сам ги посочува;<br>4.1.5. ги рангира јазичните и вонјазичните изразни средства според експресивноста што ја постигнуваат во определен јазичен контекст (пример) и да го аргументира своето мислење. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | фигури, тропите и фигурите на формата.<br>Вежби на текстови во кои учениците ги препознаваат и ги толкуваат јазичните изразни средства ос сите јазични рамништа, како и вонјазичните изразни средства.<br><br>**Методи:** Монолошко-дијалошки, интерактивен метод, текст-метод, метод на демонстративност, метод на дескриптивност, метод на индуктивност, метод на дедуктивност. | |
| 4.2 | - да ја препознава и да ја образложува разликата во експресивноста на јазикот на текстови од различни функционални стилови<br>- да го идентифукува функционалниот стил на кој му припаѓа еден текст или извадок од текст, пишан или говорен. | **Функционално раслојување на јазикот: функционални стилови** - **(разговорен стил, уметничколитературен стил, публицистички стил, административен стил, научен стил)**<br>**Разговорен функционален стил**<br>**Поими:** функционален стил, функционална стилистика, разговорен функционален стил, уметничколитературен функционален стил, публицистички функционален стил, административен функционален стил, научен функционален стил , | **Активности:**<br>Учениците се делат во група од тројца. Двајца од нив импровизираат средба (разговор) на двајца другари кои одамна не се виделе, а третиот е судија кој ги бележи одликите на нивната комуникација.<br>Трансформација на текстови од еден во друг функционален стил.<br>Вежби за правоговор на текстови или на дијалог/разговор од разговорниот стил.<br>Учениците се поттикнуваат на | 4.2.1 ги дефинира поимите *функционален стил* и *функционална стилистика и* да ги препознава и да ги набројува особеностите на функционалните стилови<br>4.2.2. го дефинира разговорниот функционален стил и да ги објаснува неговите одлики;<br>4.2.3. ги препознава и да објаснува за јазичните особености на разговорниот функционален стил и неговата употребата; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | неслужбено општење, соговорник (присутен), економичност на израз, однос со соговорник, спонтаност, хумор, иронија, сатира, интонација, елизија, неутрални зборови, нестандардни сврзници... | теренска активност - да снимаат или писмено да пренесуваат разговори од различни секојдневни ситуации во училиштето и надвор од него, од телевизиски или радиоинтервјуа, од драмски претстави и сл.; овој материјал ќе се користи за анализа на јазичните и вонјазичните особености на разговорниот функционален стил.<br>Со помош на насочувачки прашања се поведува дискусија за резимирање на одликите на разговорниот стил и неговата употреба<br>Вежби за разговор на зададена тема од секојдневниот живот.<br>Писмена вежба за пренесување на разговор во пишувана форма, со што се прави корелација со наставните содржини од правопис и интерпункција.<br>Вежби за споредување на јазичната изразност помеѓу разговорниот и другите функционални стилови; учениците заклучуваат дека разговорниот стил најмногу од | 4.2.4. открива нови јазични и надворешнојазични особености на разговорниот стил, како резултат на набљудување, анализирање и споредување на различен пишан или устен материјал од разговорниот стил. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | сите функционални стилови го карактеризира комуникативната функција.<br>Вежби од кои учениците треба да заклучат дека единствено разговорниот функционален стил може да се реализира само во усна форма.<br><br>**Методи:** Монолошко-дијалошки, интерактивен метод, текст-метод, метод на демонстратувност, метод на дескриптивност, метод на индуктивност, метод на дедуктивност, метод на споредување, метод на истражување – теренск активност, метод на анализа и синтеза, метод на проверка | |
| 4.3 | -да ги препознава и да ги аргументира јазичните особености на уметничко-литературниот стил и да употребува јазични и вонјазични изразни средства својствени за уметничколитературниот функционален стил при пишување есеј, при | **Уметничколитературен функционален стил**<br>**Поими:**<br>Уметничколитературен функционален стил, убаво изразување, експресивна функција, естетска функција | **Активности:**<br>Со помош на насочувачки прашања на зададени реченици и извадоци од текстови се определуваат одликите на уметничко-литературниот стил.<br>Вежби за препознавање и определување на уметничко-литературниот стил.<br>Вежби за определување на | 4.3.1. го дефинира уметничколитературниот функционален стил и да ги објаснува неговите одлики<br>4.3.2. употребува јазични и вонјазични изразни средства кои се својствени за уметничколитературниот функционален стил при пишувањето различен вид |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | пишување текстови за лична преписка, при рецитирање и сл. | | јазичните и вонјазичните изразни средства во текстови од различни видови, родови и жанрови.<br>Вежби за составување текстови на зададена тема, во кои ќе употребат јазични изразни средства својствени за уметничколитературниот функционален стил.<br>Разговор во паралелката за литературни дела од македонската и од светската литература кои им оставиле најголем впечаток во однос на јазичната експресивност.<br>Вежби за споредување на јазичната изразност помеѓу текстови од уметничколитературниот стил и текстови од другите стилови; учениците заклучуваат дека уметничколитературниот стил повеќе го карактеризираат естетската и емотивната функција, за разлика од другите функционални стилови, каде што превладуваат комуникативната и содржинската функција.<br>За домашна работа учениците | текстови;<br>4.3.3. набљудува, да открива и да заклучува какви јазични и вонјазични изразни средства се својствени за различните литературни видови, родови и жанрови<br>4.3.4 ја согледа и да ја образложи разликата помеѓу уметничколитаратурниот и другите функционални стилови (естетска:комуникативна и емотивна:содржинска функција) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | треба да изберат дел од уметничколитературен текст кој се одликува со забележлива експресивност и да се подготват за изразно/интерпретативно читање на текстот на час.<br><br>**Методи:** Монолошко-дијалошки, интерактивен метод, текст-метод, метод на демонстратувност, метод на дескриптивност, метод на индуктивност, метод на дедуктивност, метод на споредување, метод на истражување, метод на анализа и синтеза, метод на проверка | |
| 4.4 | -да ги препознава и да ги аргументира јазичните и вонјазичните особености на публицистичкиот функционален стил;<br>- да употребува јазични и вонјазични изразни средства својствени за публицистичкиот функционален стил при пишување вест, коментар, репортажа, рецензија и сл. | **Публицистички функционален стил**<br>**Потстилови на публицистичкиот стил:**<br>- **новинарски**<br>- **монографско-публицистички**<br>**Родови на новинарскиот потстил**<br><br>**Поими:** публицистички функционален стил, информативна функција, поттикнувачка функција, монографско-публицистички потстил, новинарски потстил (родови-информативен, аналитички, | **Активности:**<br>Во училницата се формираат работни групи кои треба во текстови од новинарскиот и од монографско-публицистичкиот потстил да ги препознаат јазичните особености на публицистичкиот стил<br>Со помош на насочувачки прашања се поведува дискусија за одликите на публицистичкиот стил и за неговата актуелност во секојдневното живеење. | 4.4.1. ги дефинира поимите *публицистички функционален стил* , *новинарски потстил* и *монографско-публицистички потстил* и да ги објаснува нивните одлики;<br>4.4.2. употребува јазични и вонјазични изразни средства својствени за публицистичкиот функционален стил при пишување публицистички;<br>4.4.3 набљудува, да открива, да споредува и да заклучува какви |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | белетристички, енигматски), печат, радио, телевизија, стрип, дневни весници, списанија, радиостаници, телевизиски канали, реклами, огласи, вести, интервју, коментар, рецензија, репортажа. | Учениците се поттикнуваат да размислуваат и да посочат пример за доследно или за недоследно придржување кон правилата на публицистичкото творење, усно или писмено, во некоја од пројавите на двата публицистички потстила.<br>Вежби за воочување, споредување и донесување заклучок дека начинот на кој јазично се претставени содржините, пред сѐ, во средствата за јавно информирање многу придонесува за нивната прифатеност од примачите и за нивната актуелност и времетраење на кнсумирањето.<br>Вежби за поврзување со наставните содржини од медиумска култура од основното образование.<br>Преку наставните активности на часовите учениците се насочуваат на заклучокот дека информативната и поттикнувачката функција се основните особености на публицистичкиот стил. | јазични и вонјазични изразни средства се својствени за родовите на новинарскиот потстил и за различните усни и писмени пројави на двата потстила на публицистичкиот стил<br>4.4.4. ја согледа и да ја образложи разликата помеѓу публицистичкиот и другите функционални стилови, т.е. да заклучи дека информативната и поттикнувачката функција се основните особености на публицистичкиот стил<br>4.4.5. води интервју, да составува вести, соопштенија, прикази, рецензии, репортажи, крстозбори, ребуси итн. и притоа да користи јазични изразни средства карактеристични за публицистичкиот стил. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Творечки писмени вежби преку кои учениците составуваат текстови за вести, соопштенија, прикази, рецензии, репортажи, крстозбори, ребуси итн. и притоа користат јазични изразни средства карактеристични за публицистичкиот стил.<br>Вежби за импровизирање интервју.<br><br>**Методи:** Монолошко-дијалошки, интерактивен метод, текст-метод, ,метод на демонстратувност, метод на дескриптивност, метод на индуктивност, метод на дедуктивност, метод на споредување, метод на истражување, метод на анализа и синтеза, метод на проверка. | |
| 4.5 | - да употребува јазични и вонјазични изразни средства својствени за административниот функционален стил при пишување молба, пријава, жалба, полномошно, автобиографија, покана, | **Административен функционален стил**<br>**Потстилови на административниот функционален стил:**<br>- **персонален (личен)**<br>- **деловен**<br>- - **општествено-политички**<br>- **законодавно-правен** | **Активности:**<br>Во училницата се формираат работни групи кои треба во текстови од различните потстилови на административниот стил да ги препознаат јазичните особености на административниотт стил. | 4.5.1. ги дефинира поимите *административен функционален стил*, *персонален потстил, деловен потстил, општествено-политички потстил, законодавно-правен потсти* и *дипломатски потстил* и да ги објаснува нивните одлики |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | проглас, договор и сл. | - **дипломатски**<br><br>**Поими:** административен функционален стил, персонален потстил, деловен потстил, општествено-политички потстил, законодавно-правен потстил, дипломатски потстил, молба, автобиографија, тестамент, полномошно, покана, закон, коминике, нота, протокол, акредитиви, меморандум, ултиматум и др. | Со помош на насочувачки прашања се поведува дискусија за одликите на административниот стил и за неговата актуелност, т.е. застапеност во секојдневното живеење.<br>Учениците се поттикнуваат да размислуваат и да разговараат за јазикот на овој функционален стил, како стил кој им е најмалку достапен во секојдневното живеење, со оглед на нивната возраст; се насочуваат на заклучок за официјалноста во комуникацијата, како главна одлика на административниот функционален стил, но и за тоа дека содржината на некои текстови од деловниот, општествено-политичкиот и законодавно-правниот потстил тешко се разбира.<br>Вежби и дискусија за споредување на достапноста и практичноста на електронските и печатените формулари, покани, апликации и сл.<br>Творечки писмени вежби преку кои учениците составуваат | 4.5.2. ги препознава и да ги аргументира јазичните и вонјазичните особености на административниот функционален стил;<br>4.5.3. набљудува, да открива, да споредува и да заклучува какви јазични и вонјазични изразни средства се својствени за потстиловите на административниот стил;<br>4.5.4. процени дека во најголем број случаи текстовите од овој функционален стил се реализираат во пишувана форма;<br>4.5.5. ја согледа и да ја образложи разликата помеѓу административниот и другите функционални стилови, т.е. да заклучи дека официјалноста е главната одлика на текстовите од овој стил и дека јазикот со своите можности се приспособува на таа комуникациска потреба. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | текстови за молби, покани, уверенија, жалби, апликации, автобиографии, пријави и сл. и притоа користат јазични изразни средства карактеристични за административниот стил.<br>**Методи:** Монолошко-дијалошки, интерактивен метод, текст-метод, метод на демонстратувност, метод на дескриптивност, метод на индуктивност, метод на дедуктивност, метод на споредување, метод на истражување, метод на анализа и синтеза, метод на проверка. | |
| 4.6 | - да употребува јазични и вонјазични изразни средства својствени за научниот функционален стил, како и точни и прецизни формулации и научни и стручни термини при пишување текстови со научна и стручна содржина, на пример, училишни проекти и есеи за различни наставни предмети. | **Научен функционален стил**<br>**Потстилови на научниот функционален стил:**<br>- **строгонаучен потстил**<br>- **научно-учебнички потстил**<br>- **научно-популарен потстил**<br><br>**Поими:** научен функционален стил, апстрактно и аналитичко размислување, формулирање на научните сознанија, строгонаучен потстил, научно-учебнички потстил, научно-популарен потстил. | **Активности:**<br>Вежби за препознавање на научната област на која И припаѓаат извадоците од текстовите за нагледност и за препознавање на јазичните особености на научниот стил<br>Со помош на насочувачки прашања се поведува дискусија за одликите на научниот стил и за неговата актуелност, т.е. застапеност во секојдневното живеење, како и за неговата корисност за секојдневното | 4.6.1 ги дефинира поимите *научен функционален стил, строгонаучен потстил, научно-учебнички потстил* и *научно-попиларен потстил* и да ги објаснува нивните одлики;<br>4.6.2. ги препознава и да ги аргументира јазичните и вонјазичните особености на научниот функционален стил;<br>4.6.3. набљудува, да открива, да споредува и да заклучува какви јазични и вонјазични изразни средства се својствени за |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | живеење; учениците се насочуваат кон заклучокот дека најкорисни се текстовите од научно-популарниот потстил, а дека тие се среќаваат со овој стил секојдневно преку учебниците за сите наставни предмети.<br>Учениците се поттикнуваат да размислуваат и да разговараат за јазикот на овој функционален стил; се насочуваат на заклучок от дека научната точност и прецизност и апстрактноста се главните одлики на текстовите од овој стил и дека јазикот со своите можности се приспособува на таа нивна комуникациска потреба.<br>Вежби и дискусија за споредување на достапноста и практичноста на електронските и печатените учебници, речници, прирачници за користење најразлични производи и сл.<br>Творечки писмени вежби преку кои учениците составуваат текстови со стручна и научна содржина, според наставните содржини и според истражувачките активности од | потстиловите на научниот стил<br>4.6.4. процени дека текстовите од научниот функционален стил се реализираат, главно, во пишувана форма и дека им се наменети на помал број корисници, за разлика од текстовите на другите функционални стилови<br>4.6.5. ја согледа и да ја образложи разликата помеѓу научниот и другите функционални стилови, т.е. да заклучи дека научната точност и прецизност и апстрактноста се главните одлики на текстовите од овој стил и дека јазикот со своите можности се приспособува на таа комуникациска потреба. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | другите наставни предмети и притоа користат јазични изразни средства карактеристични за научниот стил.<br>**Методи:** Монолошко-дијалошки, интерактивен метод, текст-метод, метод на демонстратувност, метод на дескриптивност, метод на индуктивност, метод на дедуктивност, метод на споредување, метод на истражување, метод на анализа и синтеза, метод на проверка | |
| 5. | **Ономастика** | | | |
| 5.1. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>- да ги препознава различните видови имиња во текстови и во друг нагледен визуелен материјал (слики од сообраќајни табли, географски карти, разновидни списоци на кои има лични имиња, презимиња и прекари; | **Ономастика**<br>**Раздели на ономастиката:**<br>- **топономастика**<br>- **антропономастика**<br>**Поими:** ономастика, топономастика, антропономастика, хидрономастика, орономастика, ојкономастика, топономастичка стратиграфија, антропономастика, антропоними, лични имиња, презимиња, прекари, *Речник на личните имиња кај Македонците, Речник на презимињата кај Македонците, речник на топонимите во областа по сливот на Беласица*. | **Активности:**<br>Разгледување и користење ономастички речници.<br>Вежби за изработка на различни видови мали ономастички речници.<br>Вежби за образување придавки од различни видови имиња.<br>Вежби за дополнување текст со различни видови имиња и со придавки од имиња, заради поврзување со наставните содржини од правопис, т.е. со содржините за пишувањето голема и мала буква. | **Ученикот/ученичката може да:**<br>5.1.1. ги дефинира поимите *ономастика, топономастика, антропономастика, хидрономастика, орономастика, ојкономастика*<br>5.1.2. посочува примери за секоја група имиња;<br>5.1.3. ги препознава различните видови имиња во текстови и во друг нагледен визуелен материјал;<br>5.1.4. ги пишува имињата во согласност со правописната |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Разговор на различни теми за личните имиња, презимињата и прекарите; во овој дел треба да дојдат до израз воспитните цели на наставата, преку нагласување на фактот дека секој треба гордо да си го носи своето име, како и на тоа дека обраќањето кон другите со погрдни имиња и прекари е нецивилизиран чин, кој не кореспондира со навиките и развитокот на современото живеење и на современиот свет.<br>**Методи:**<br>метод на комуникација - монолошко-дијалошки, метод на интерактивност,<br>текст-метод, метод на демонстративност, метод на дескриптивност,<br>демонстративен метод. | норма на македонскиот јазик. |

| | Модуларна единица: ЛИТЕРАТУРА | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Резултати од учење** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување*** |
| **1** | **Светската литература<br>- Модернизам** | | | |
| 1.1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br><br>- да искажува податоци за историскиот контекст во кој се појавува модернизмот и неговите движења во светската литература;<br>- да ги разликува модерните струења. | **Модернизам-појава и особености**<br><br>**Поими:** антитрадиционалност, авангарда, симболизам, импресионизам, експресиониизам, футуризам, дадаизам, надреализам | **Активности:** се презентираат основните податоци за општествено-политичките состојби во светот и условите за појава на модерните струења во литературата<br>Се даваат информации за одликите на движењата на модернизмот и нивните претставници<br>**Методи:** интерпретативно-аналитички метод, монолошко-дијалошки | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>1.1.1 ги набројува и објаснува одликите на модернизмот;<br>1.1.2 ги именува и искажува одликите на модерните струења; |
| 1.2 | - да го анализира и интерпретира стихови од Бодлер и да ги препознава одликите на симболизмот во нив; | **Шарл Бодлер**<br>Интерпретација на „Цвеќето на злото“<br><br>**Поими:** синестезија, естетика на грдото, сплин, убавина-поетски идеал. | **Активности:** се презентираат основните податоци за животот и дејноста на Бодлер;<br>Преку прашања и работа во групи се поттикнува анализата на песните „Албатрос“, „Созвучја“, и други песни по избор; | 1.2.1 ја објаснува улогата и значењето на Бодлер во модерната светска литература;<br>1.2.2 ги препознава и утврдува белезите на симболизмот во поезијата на Бодлер;<br>1.2.3. препознава и означува мотив, композиција, стилски фигури и да |

* Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Во песните се бара синестезијата и естетиката на грдото и се нагласуваат одликите на поезијата на Бодлер;<br>**Методи:** интерпретативно-аналитички метод, монолошко-дијалошки, текст-метод, проблемски метод, метод на компарација, интерактивен метод | ги толкува лирските елементи во поезијата. |
| 2.3 | - да го објаснува егзистенцијализмот како филозофски правец во литературата и уметноста;<br>- да дебатира и да го објаснува апсурдот и смислата на постоењето во „Странецот“, во корелација со Митот за Сизиф како предлошка на делото. | **Егзистенцијализам**<br>**Алберт Ками**<br>Интерпретација на „Странецот“<br><br>**Поими:** егзистенцијализам; отуѓување, (алиенација) апсурд, смрт, надеж, револт, борба, луцидност. | **Активности:** се презентираат основните био-библиографски податоци за Ками, спецификите на неговата проза и појаснување на „Митот за Сизиф“, од Албер Ками; Со насочувачки прашања и групна форма на работа се дефинира главниот литературен проблем: смислата на постоењето. Преку проблемски прашања се толкуваат ликовите и се отвора дебата во врска со постапките на главниот лик Мерсо;<br>Се бара од учениците да ги откријат одликите на | 2.3.1. да го интерпретира делото „Странецот“ и да го поврзе античкиот мит за Сизиф со романот, со цел да се разбере апсурдот на постоењето со кој се соочува главниот лик;<br>2.3.2 ги открива литературните проблеми во делото и да ги толкува;<br>2.3.3. ги определува и да ги конфронтира атрибутите и функциите на ликовите во делото;<br>2.3.4 го портретира ликот на Мерсо и неговата функција во двата дела од романот за потенцирање на апсурдот. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | егзистенцијализмот во романот и да го пренесат во писмен состав (есеј).<br><br>**Методи:**<br>Метод на наставна интерпретација, проблемски метод, метод на дебатирање, монолошко-дијалошки, текст-метод. | |
| 2.4 | - да ја толкува појавата на театарот на апсурдот и да ги открива белезите на антидрамата;<br>- да ја споредува драмата со класичен драмски текст. | **Семјуел Бекет**<br>Интерпретација на драмата „Чекајќи го Годо“ | **Активности:** Презентација за театар на апсурдот и неговите одлики како и за С. Бекет како негов претставник;<br>Насочувачки прашања<br>за анализа и дискусија за драмскиот текст; откривање на елементите на антидрама и толкување на ликовите и нивните постапки и коментирање на избрани делови од текстот;<br>Се дебатира за апсурдот како карактеристичен топос во времето на појавата на модернизмот во светската литература; се споредуваат елементите на класичен драмски текст со елементите | 2.4.1 - презентира податоци за Бекет и неговата дејност како претставник на театарот на апсурдот;<br>2.4.2 - го анализира, толкува и да дискутира за дадениот текст и да ги открива и презентира одликите на антидрама во драмата „Чекајќи го Годо“;<br>2.4.3 да го анализира делото и ликовите во антидрамата „Чекајќи го Годо“. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | на драмски текст кој го одразува театарот на апсурдот.<br><br>**Методи:** метод на наставна интерпретација, монолошко-дијалошки метод, текст-метод, метод на компарација. | |
| СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА | | | | |
| 3. | **Македонска поезија** | | | |
| 3.1. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br><br>-да го презентира развојот на македонската повоена поезија (етапи/фази, тематски преокупации, претставници); | **Повоена македонска поезија** (појава, особености, претставници)<br><br>**Поими:** ангажирана лирика; интимна лирика; модерна лирика | **Активности:**<br>Се подготвува презентација во која се проследува развојот на повоената македонска лирика, со посебен осврт на тематските преокупации, структурните карактеристики и претставниците на секоја фаза од развојот.<br><br>**Методи:** Демонстративен метод; метод на компарација, монолошко-дијалошки метод, текст метод. | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>3.1.1 ги објаснува тематските преокупации и карактеристиките на различните фази од развојот на македонската повоена лирика;<br>3.1.2 ги набројува претставниците на различните етапи/фази во развојот на повоената македонска лирика, со спецификите на нивната поезија. |
| 3.2. | -да ги систематизира мотивите и мотивските преокупации во поезијата на Ацо Шопов и да го презентира неговиот развој од | **Ацо Шопов** –<br>Интерпретација на „Очи“; „Раѓање на зборот“; “Молитви на моето тело“, „Небиднина“ | **Активности:**<br>Со поставување насочени прашања, учениците работат на структурна, мотивска и | 3.2.1 ги категоризира/класифицира песните во соодветна етапа или фаза од творештвото на Шопов;<br>3.2.2 да ги толкува песните и да ги |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ангажиран поет до поет на интимната лирика; | **Поими:** ангажирана лирика; интимна лирика; рефлексивна лирика; композиција; стих, строфа, рима, метрика; мотив, стилски фигури | стилска анализа на песните. Предвидено е слушање аудиозапис од интерпретативно читање стихови од Ацо Шопов.<br>**Методи:**<br>Метод на наставна интерпретација, монолошко-дијалошки, текст-метод. | открива нивните естетски квалитети преку откривање на нивната метафорика;<br>3.2.3 препознава и означува мотив, композиција, строфа, стих, метрика. |
| 3.3 | - да ја објаснува улогата на Блеже Конески во македонската современа литература и култура;<br>-да го препознава опусот на Конески и да прави разлика меѓу мотивите во поезијата во почетокот на неговото литературно творештво и мотивите во неговата современа поезија. | **Блаже Конески**<br>Интерпретација на „Тешкото", „Ангелот на Св. Софија", „Болен Дојчин", „Везилка" и други песни по избор на наставникот и учениците.<br><br>**Поими:** композиција; стих, строфа, рима, метрика; мотив, стилски фигури, лирски субјект | **Активности:**<br>Се презентираат податоци за улогата на Блаже Конески за кодификацијата на македонскиот литературен јазик.<br>Со поставување насочени прашања, учениците работат на структурна, мотивска и стилска анализа на песните.<br>Предвидено е слушање аудиозаписи од интерпретативно читање стихови од Блаже Конески.<br><br>**Методи:** интерпретативно-аналитички метод, монолошко-дијалошки, текст-метод, проблемски метод, метод на компарација, интерактивен | 3.3.1 да презентира податоци за животот и творештвото на Блаже Конески и за неговото место и улога во македонската поезија и во науката за јазикот;<br>3.3.2 да препознава и означува мотив, композиција, строфа, стих, метрика, лирски субјект;<br>3.3.3 да ги толкува песните, предвидени за наставна интерпретација. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | метод | |
| 3.4. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>- да интерпретира и анализира одбрани песни од опусот на Гане Тодоровски, откривајќи ги естетско-уметничките елементи во нив.<br>-да ја објасни специфичната творечка постапка на Гане Тодоровски, од аспект на создавање нови зборови или неологизми. | **Гане Тодоровски**<br>Интерпретација на „Седум навраќања на мотивот трепетлика“; „Нерези“, „Нашинска“, „Фуснота без повод“.<br><br>**Поими:** композиција; стих, строфа, рима, метрика; мотив, стилски фигури, лирски субјект | **Активности:**<br>Учениците во групи работат на структурна, мотивска и стилска анализа на песните;<br>добиваат задача да истражуваат и во поетските текстови на Гане Тодоровки да ги пронајдат новите зборови - кованици и да го протолкуваат нивнотот значење.<br>Се слушаат аудиозаписи од песните на Гане Тодоровски.<br>**Методи: :** метод на наставна интерпретација**,** монолошко-дијалошки, текст-метод, проблемски метод**,** метод на компарација. | **Ученикот/ученичката може да:**<br>3.4.1 препознава и означува мотив, композиција, строфа, стих, метрика;лирски субјект;<br>3.4.2 ги толкува предвидените песни за наставна интерпретација;<br>3.4.3 ги пронаоѓа и неологизмите во поезијата на Гане Тодоровски и го објаснува нивнот значење во естетско – уметничка и јазична смисла. |
| 3.5 | - да интерпретира и анализира одбрани песни од Матеја Матевски, откривајќи ги естетско-уметничките елементи во нив. | **Матеја Матевски**<br>Интерпретација на „Залез“, „Езеро“, „Ѕвона“<br><br>**Поими:** пејзажна лирика; рефлексивна лирика; композиција; стих, строфа, рима, метрика; мотив, стилски фигури, лирски субјект | **Активности:**<br>Се слушаат аудиозаписи од поезијата на Матевски, со цел да се долови звукот како битен елемент за доживување на неговата поезија.<br>Се анализираат одбрани песни со примена на знаењата од теорија на литературата.<br>**Методи:** метод на наставна | 3.5.1 препознава и означува мотив, композиција, строфа, стих, метрика; лирски субјект;<br>3.5.2 ги анализира песните предвидени за наставна интерпретација. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | интерпретација, монолошко-дијалошки, текст-метод, проблемски метод. | |
| 3.6. | - да ја контекстуализира поезијата на Анте Поповски во македонската поезија пред сѐ со патриотски мотиви;<br>- да интерпретира и други песни од Анте Поповски, со различни мотиви. | **Анте Поповски**<br>Интерпретација на поемата „Вардар" и „Македонија"<br><br>**Поими:** композиција; стих, строфа, рима, метрика; мотив, стилски фигури, лирски субјект | **Активности:**<br>Се анализираат поемите, предвидени за наставна интерпретација, во групна форма на работа; се споредуваат песните и поемите од опусот на Анте Поповски со патриотски мотиви со слични песни од современите македонски писатели (Г. Тодоровски, Блаже Конески, С. Јаневски и др.)<br><br>**Методи:** метод на наставна интерпретација, монолошко-дијалошки, текст-метод, проблемски метод, метод на компарација. | 3.6.1 препознава и означува мотив, композиција, строфа, стих, метрика, лирски субјект;<br>3.6.2 ги толкува мотивски и жанровски предвидените поеми и песни по избор. |
| 3.7. | -да дискутира за одликите на современата македонска лирика и да презентира стихови од најновата македонска поетска продукција;<br>- да ја анализира и ја толкува современата поезија во | **Современа македонска поезија преглед и претставници**<br>(Игор Исаковски, Никола Маџиров...) | **Активности:**<br>Презентација за современата македонска лирика и нејзините претставници. Дискусија за новите/старите мотиви и поетски преокупации. Анализа на песни по избор на учениците, со цел да се | 3.7.1 препознава и означува мотиви во современата лирика и го означува лирскиот субјект; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | согласност со знаењата од теоријата на литературата. | | препознаат мотивските преокупации на во поезијата на најмладата генерација македонски поети.<br><br>**Методи:** метод на наставна интерпретација**,** интерпретативно-аналитички метод**,** монолошко-дијалошки, текст-метод, метод на компарација. | |
| 3.8. | - да ги препознава одликите на женското писмо;<br>-да дискутира за одликите на македонското женско поетско писмо и да презентира стихови од таа поетска продукција. | **Македонски поетеси –преглед и претставнички**<br>(Даница Ручигај, Катица Ќулафкова, Вера Чејковска, Светлана Христова-Јоциќ) | **Активности:** Учениците се организираат во групи и добиваат задачи за мотивска и стилска анализа на песните. Дискусија за различните мотиви во женското писмо и за неговите естетско-уметничките вредности.<br><br>**Методи:** метод на наставна интерпретација**,,** монолошко-дијалошки. | 3.8.1 препознава стихови од македонски поетеси;<br><br>3.8.2. толкува стихови по избор од поезијата на македонски поетеси користејќи ги знаењата од теоријата на литературата;<br><br>3.8.3. пишува есеј на слободна тема поврзана со поезијата на македонските поетеси. |

| 4. | **Македонски роман** | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4.1. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br><br>- да ги објасни причините за задоцнетата појава на македонскиот роман;<br>- да ги претстави етапите во развојот на македонскиот роман и тематските преокупации во секоја од нив;<br>- да дебатира за „скоковитиот (забрзан) развој на македонскиот роман. | **Македонскиот роман по Втората светска војна**<br><br>Особености и претставници (Стале Попов, Ѓорѓи Абаџиев, Владо Малески, Ташко Георгиевски, Димитар Солев, Симон Дракул)<br>**Поими:** дескриптивно-реалистичен роман; модернистички роман; асоцијативно-метафоричен роман; егзистенцијалистички роамн; постмодернистички роман | **Активности:**<br>Се подготвува презентација во која се проследува развојот на македонскиот роман, со посебен осврт на тематските преокупации, структурните карактеристики и претставниците на секоја фаза од развојот.<br><br>**Методи:** Демонстративен метод; метод на компарација, монолошко-дијалошки метод | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>4.1.1 го презентира развојот на македонскиот роман и да го именува првиот македонски роман и најзначајните претставници на различните етапи од развојот на романескната проза;<br>4.1.2 ги објаснува тематските преокупации и карактеристиките на македонскиот роман во различните фази од развојот на македонската литература;<br>4.1.3 ги набројува претставниците на различните етапи во развојот на македонскиот роман. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4.2. | - да го определи романот, како прв роман за Првата светска војна во македонската литература;<br>-да го толкува романот „Пиреј“, користејќи ги знаењата од теорија на литературата. | **Петре М. Андреевски**<br>Интерпретација на романот „Пиреј“<br><br>**Поими:** наративен предтекст (рамка); структура, главен наративен тек; паралелни сижејни линии; тема; идеја; локализација; наратор; фабула; ликови; | **Активности:**<br>На учениците им се објаснува стуктурата и композицијата на романот; се поттикнуваат со определени задачи на самостојни активности за определување на композицијата, сижејните линии во делото и паралелната линеарна нарација во ЈАС-форма; во групна форма на работа ги определуваат атрибутите и функциите на ликовите. Како мотивација, на почетокот на часот се прикажуваат делови од претставата „Пиреј“ во изведба на Битолскиот театар.<br>**Методи:** метод на наставна интерпретација, монолошко-дијалошки, текст-метод, проблемски метод. | 4.2.1 да ја препознае и да ја определи карактеристичната (прстенеста) структура на романот „Пиреј“;<br>4.2.2 ја определи тематско-идејна основа на романот, го определува нараторот/нараторите и ја коментира постапката на раскажување;<br>4.2.3 ги анализира и ги определува функциите на ликовите и нивните атрибути;<br>4.2.4 ги пронаоѓа фолклорните и етнографските елементи во текстот и го толкува значењето на насловот на романот. |
| 4.3. | - да го интерпретира делото и да го контекстуализира во рамките на циклусот за Кукулино;<br>- да го толкува библиско-историскиот контекст во кој функционираат ликовите во | **Славко Јаневски**<br>Интерпретација на романот „Тврдоглави“<br><br>**Поими:** роман; циклус „Кукулино“, тематско-идејна основа, композиција, структура; | **Активности:**<br>Презентација на основните биобиблиографски податоци за Јаневски, со посебен акцент на насловите на романите од циклусот „Кукулино“;<br>Интерпретативно читање на | 4.3.1 го локализира времето и местото на дејство во романот;<br>4.3.2. го интерпретира делото, да ги анализира и да ги толкува функциите и атрибутите на ликовите, да го поврзува значењето на името со функцијата на ликот; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | романот; | ликови; тврдоглавост = македонската упорност и истрајност. | извадоци од романот со цел откривање на метафориката на јазикот и симболиката на имињата на ликовите во делото; Наставна интерпретација на романот со откривање на митските, религиозните симболи и со дефинирање на основниот литературен проблем – проблемот на опстојувањето. Дискусија за широкиот жанровски зафат на Јаневски и неговото место во македонската литература.<br><br>**Методи:** метод на наставна интерпретација; проблемско-творечки метод, монолошко-дијалошки;<br>текст-метод. | 4.3.3 пишува есеј во кој ќе ги изрази своите размисли во врска со тврдоглавоста како карактеристика, типична за македонскиот менталитет или како особина што ја одразува упорноста, истрајноста и издржливоста на Македонецот во својата вечна борба за опстојување. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4.4. | - да го анализира и интерпретира романот „Големата вода“ преку анализа на ликовите и нивните постапки; | **Живко Чинго**<br>Интерпретација на „Големата вода“<br><br>**Поими:** модерен роман; тематско-идејна основа; локализација; наратор; фабула; ликови | **Активности:**<br>Со насочувачки прашања<br>за анализа и дискусија се интерпретира содржината на романот, со толкување на насловот на романот и другите симболи во делото.<br>Учениците се насочуваат да одредуваат, опишуваат и да расудуваат за ликовите во романот. Се поттикнува дискусија за постапките на ликовите преку избрани делови од романот.<br>Во текот на часот се презентираат исечоци од филмот „Големата вода“.<br><br>**Методи:**<br>Метод на наставна интерпретација, монолошко-дијалошки;<br>текст-метод, проблемско-творечки метод. | 4.4.1 го определува централниот литературен проблем, го определува нараторот и видот на раскажување;<br>4.4.2 интегрално го интерпретира романот и ги определува функциите и атрибутите на ликовите;<br>4.4.3 ја открива и ја толкува симболиката на романот (Големата вода, ѕидот, Сентерлевиот рид, „Проклет да бидам“!)<br>4.4.4 толкува избрани делови и преку истите делото го контекстуализира естетско-уметнички како и историски – општествено. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4.5 | - да ја идентификува постмодернистичката постапка за градење на текстот;<br>- да го анализира и интерпретира романот „Разговор со Спиноза“ низ призмата на модернистичката постапка за градење на дијалогот меѓу двата лика и нивната коресподенција. | **Гоце Смилевски**<br>**„Разговор со Спиноза“**<br>- постмодерен роман, биографски, филозофски, интелектуален (експериментален) | **Активности:**<br>Учениците се насочени да читаат водејќи дневник со двоен запис. При анализа на делото се користат белешките од учениците и се даваат насочувачки прашања на внимателно одбрани делови од делото. Се дефинира основниот литературниот проблем; со насочени прашања и активности, учениците ги дефинираат и другите проблем-мотиви како што е забранетата/неисполнетата љубов; се определува како главен лик – читателот<br>**Методи:**<br>метод на наставна интерпретација, монолошко-дијалошки;<br>текст-метод, проблемско-творечки метод, метод на компарација. | 4.5.1. да го разбере и да го определи „вистинскиот“ наратор во делото;<br>4.5.2. самостојно избира делови од романот и ги толкува во контекст на неговата конструкција;<br>4.5.3 ги анализира и ги спротивставува главните ликови;<br>4.5.4 ги определува биографските елементи во романот. |

| 5. | **Македонски расказ** | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5.1. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>-да прави разлика меѓу класичниот македонски расказ и денес актуелната раскажувачка техника на современите македонски прозаисти. | **Македонскиот расказ**<br>Особености и претставници (Димитар Солев, Митко Маџунков, Влада Урошевиќ, Блаже Миневски, Ермис Лафазановски, Димитрие Дурацовски, Александар Прокопиев и др.) | **Активности:**<br>Се подготвува презентација во која се проследува историскиот развој на македонскиот расказ, со посебен осврт на тематските преокупации и претставниците<br><br>**Методи:** интерпретативно-аналитички метод, монолошко-дијалошки; текст-метод, | **Ученикот/ученичката може да:**<br>5.1.1. го презентира историјатот на развојот на македонската раскажувачка проза;<br>5.1.2. ги објаснува тематските преокупации и карактеристиките на македонскиот расказ во различните етапи од развојот на македонската раскажувачка проза;<br>5.1.3. ги определи главните белези на современиот постмодернистички расказ. |
| 5.2. | - да ги определи основните белези на постмодернистичкиот расказ во Македонија;<br>- да ги разбира, анализира и интерпретира расказите преку анализа на ликовите и нивните постапки. | **Драги Михајловски – „Скок со стап“**<br><br>Поими: реалистичен расказ, расказ со фантастична содржина. | **Активности:**<br>Учениците избираат расказ за кој прават презентација која вклучува тематско – мотивска анализа, анализа на лик/ликови, код и вид на раскажување и позиција на нараторот.<br><br>**Методи:** метод на наставна интерпретација, монолошко-дијалошки; текст-метод. | 5.2.1. ги интерпретира и анализира расказите различни по мотиви и литературни проблеми;<br>5.2.2. ги определува функциите и атрибутите на ликовите;<br>5.2.3. го одредува и толкува кодот на раскажување, преку самостојно избрани делови. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| 5.3. | - да ги анализира и интерпретира расказите во духот на постмодерниот расказ. | **Венко Андоновски – „Фрески и гротески“** | **Активности:** Учениците се насочуваат за откривање на модернистичката постапка за градење на текстот и откривање на функцијата на „фуснотите“ во збирката раскази; во групна форма на работа, учениците ги анализираат ликовите и нивните функции во „фреските“ и „фуснотите“.<br>**Методи:** метод на наставна интерпретација, проблемски метод; монолошко-дијалошки; текст-метод. | 5.3.1. ги идентификува карктеристиките на постмодерениот расказ;<br>5.3.2 ги интерпретира и ги поврзува расказите во делото, преку откривање на мотивите во различните раскази;<br>5.3.3. ја толкува симболиката и ги поврзува интертекстуалните елементи на расказите. |
| 6. | **Македонска драма** | | | |
| 6.1. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>- да ги споредува и да ги презентира разликите меѓу класичната драмска литература и постмодерната драма во Македонија од формален и од естетски карактер. | **Македонска драма**<br>(особености и претставници: Сашко Насев, Дејан Дуковски, Јордан Плевнеш, Коле Чашуле)<br>**Поими:** епски театар, модерна драма | **Активности:**<br>Учениците се подготвуваат дома за презентација низ која се запознаваат со најновите претставници на драмската литература и на театарската уметност во Македонија; се читаат во парови извадоци од драмите на претставниците и се детектираат разликите меѓу | **Ученикот/ученичката може да:**<br>6.1.1. ги определи драмските одлики на современата македонска драма наспроти модерната драмска литература во Македонија;<br>6.1.2. ги објасни тематските преокупации и карактеристиките на македонската драма во периодот до појавата на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | класичната и модерната драмска литература.<br>**Методи:** Демонстративен метод; метод на компарација, монолошко-дијалошки метод | модерната драма;<br>6.1.3 ги споредува тематски и мотивски различните етапи од развојот на македонската драма со модерната драмска литература. |
| 6.2. | - да ги определи главните топоси во драмските текстови на Г. Стефановски;<br>- да ја определи постапката за градење на драмскиот текст во неговите драми. | **Горан Стефановски**-интерпретација на „Диво месо“<br><br>**Поими:** Семејна драма; мотив на трагично (задоцнето) себеосознавање | **Активности:**<br>Презентација на драмското творештво, со куса презентација на различните теми и мотиви во драмите на Горан Стефановски;<br>Со поставување насочени прашања поврзани со конкретни ликови од драмата се претставуваат различни општествени простори во предвоено Скопје, со цел да се доловат условите и причините за трагичното пропаѓање на семејството Андрејевиќ.<br>Предвидено е дискусијата за време на часот да биде проследена со прикажување на одбрани сцени од драмата „Диво месо“. Се анализира и оценува моќта на јазичниот израз на Стефановски и се | 6.2.1. ја определува тематско-идејната основа на драмата и ја објаснува симболиката на синтагмата *диво месо*;<br>6.2.2. го интерпретира драмскиот текст, преку определување на атрибутите и функциите на драмските лица;<br>6.2.3. ја оценува јазичната и стилската експресивност на Горан Стефановски како дополнителен сегмент за засилување на драмското дејство;<br>6.2.4. ја коментира и толкува етно-културната теорија на Клаус за Словените и Балканот во современ општествено-историски контекст. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | читаат и толкуваат најмоќните сегменти од драмскиот текст.<br>**Методи:** метод на наставна интерпретација, монолошко-дијалошки;<br>текст-метод, проблемско-творечки метод. | |
| 7. | Медиумска писменост | | | |
| 7.1. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>- да создава, пишува, коментира и поставува свои текстови и објави во медиумскиот простор. | **Медиумска писменост**<br>- медиумите генератор на човековите перцепции, уверувања и популарна култура;<br>- отвореност на медиумите, интеракција со медиуми-создавај и учествувај; кометар, колумна. | **Активности:**<br>Вежби и дискусии за прочитани, чуените и проследени информации од секаков вид медиуми. Симулација на медиум. медиумска куќа во училница и конструирање на информација/информации.<br>Вежби за пишување на коментари на одредени состојби и настани за кои се информираат актуелно.<br>Веѓби за пишување колумна.<br>**Методи:** Демонстративен метод; метод на компарација, текст метод, монолошко-дијалошки метод | **Ученикот/ученичката може да:**<br>7.1.1. идентификува различни видови информации;<br>7.1.2. толкува информации, заземајќи став;<br>7.1.3. пишува, коментар/колумна на одредена тема-актуелна или по избор. |

| | |
|---|---|
| **Оценување на постигањата на учениците** | Оценувањето е континуиран процес и има за цел да обезбеди сеопфатни информации за постигањата на учениците. Функцијата на оценувањето е сумирање на постигнатото, но во насока на подобрување на истото. Во таа смисла, оценувањето на учениците има за цел да им ја покаже реалната состојба на нивните знаења и да им даде насока за понатамошно перманентно продлабочување. За да биде овозможено конкретно и веродостојно оценување потребно е редовно прибирање на информации кои се докуметираат. Ваквиот пристап овозможува и континуитет во учењето и постојана ангажираност и вклученост од страна на учениците.<br>Критериумите за оценување наставникот ги објаснува на своите ученици и доследно се придржува кон истите во текот на целата учебна година. Инструментите коишто се однесуваат на устниот дел од оценувањето и вреднувањето на учениците може да биде со одговори на поставени прашања од страна на наставникот, насочени прашања при обработка на дело, лектира, како и содржини од јазик, усни презентации на одредени теми, изнесување на мислења и ставови во врска со одредени проблемски поставени прашања во дело и лектира, дискутирање за книжевни дела во општествен, историски и книжевен контекст, домашна работа, активност и ангажираност на часот.<br>Инструментите за писменото оценување се поврзуваат со писмени работи, со објективни тестови на знаења, со тестови на способности, особено на самостојни ученички текстови – есеи, во кои учениците ќе го применуваат наученото низ сопствениот индивидуален израз.<br><br>Учениците за своите постигања добиваат нумеричка оценка. |
| **Литература и други извори** | Учебник и прирачници одобрени од Министерството за образование и наука и други извори на учење. |
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | **Учебна 2022/2023 година** |
| **Институција/ носител на програмата** | **Биро за развој на образованието (БРО)** |

| | |
|---|---|
| Потпис и датум на донесување на наставната програма | бр. 13 – 11378/65<br>4.10.2019 година<br><br>МИНИСТЕР, с.р.<br>Dr. Arbër Ademi |
| Датум на ревизија | |